РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

---

# П Р О Г Р А М А

за изготвување на закони во
Министерството за внатрешни работи
за 2011 година

Скопје, декември 2011 година

Врз основа на точка 5 став 3 алинеја 2 од Методологијата за проценка на влијанието на регулативата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/09), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р О Г Р А М А

## за изготвување на закони во Министерството за внатрешни работи за 2011 година

Програмата за изготвување на закони во Министерството за внатрешни работи за 2011 година, има за цел да ги утврди законите што од страна на Министерството за внатрешни работи како предлагач на законите од својата надлежност ќе бидат изготвени и предложени во Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2011 година.

Програмата за изготвување на закони од страна на Министерството за внатрешни работи за 2011 година е подготвена согласно Програмата за работа на Владата на Република Македонија за 2008-2012 година, Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, Методологијата за проценка на влијанието на регулативата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 66/09) и Одлуката за утврдување стратешки приоритети на Владата на Република Македонија во 2011 година ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/2010) со која се утврдени следните стратешки приоритети:

- зголемување на економскиот раст и конкурентноста на трајна основа, повисока стапка на вработеност, пораст на животниот стандард и квалитет на живеење;

- интеграција во НАТО и ЕУ, врз основа на остварување на сите реформи и критериуми и решавање на спорот со Грција врз принципот на незагрозување на националниот идентитет;

- продолжување на борбата против криминалот и корупцијата и ефикасно спроведување на правото;

- одржување добри меѓуетнички односи и соживот врз принципите на меѓусебна толеранција и почит и подеднакво спроведување на законот како и довршување на имплементацијата на Рамковниот договор;

- инвестирање во образованието како најсигурен пат за создавање силни индивидуи и силна држава.

Содржината на Програмата е поделена по месечна динамика за доставување на предлогот на законите до Владата на Република Македонија и по стратешки приоритет.

# О К Т О М В Р И

Стратешки приоритет: /

| | |
|---|---|
| Назив (наслов) на предлог законот | **Предлог на Закон за изменување и дополнување на Законот за внатрешни работи** |
| Краток опис на предлогот на законот | Предлогот на законот има за цел усогласување на националното законодавство од областа на внатрешните работи со Законот за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010). |
| Поврзаност со АП/НППА | / |
| Датум за доставување на предлогот на законот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија: | 18 Октомври 2011 година |
| Финансиски импликации | Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации |

# О К Т О М В Р И

Стратешки приоритет: /

| | |
|---|---|
| Назив (наслов) на предлог законот | **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за полиција** |
| Краток опис на предлогот на законот | Предлогот на законот има за цел усогласување на Законот за полиција со решенијата содржани во Закон за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010). |
| Поврзаност со АП/НППА | / |
| Датум за доставување на предлогот на законот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија: | 18 Октомври 2011 година |
| Финансиски импликации | Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации |

# О К Т О М В Р И

Стратешки приоритет: /

| | |
|---|---|
| Назив (наслов) на предлог законот | **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за следење на комуникациите** |
| Краток опис на предлогот на законот | Предлогот на законот има за цел усогласување на Законот за следење на коминикациите со решенијата содржани во Закон за кривичната постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 150/2010). |
| Поврзаност со АП/НППА | / |
| Датум за доставување на предлогот на законот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија: | 18 Октомври 2011 година |
| Финансиски импликации | Предлогот на законот не предизвикува финансиски импликации |

# Д Е К Е М В Р И

Стратешки приоритет: ИНТЕГРАЦИЈА ВО НАТО И ЕУ

| | |
|---|---|
| Назив (наслов) на предлог законот | **Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за странците** |
| Краток опис на предлогот на законот | Усогласување со Регулативата (ЕЗ) бр. 562/2006 на Европскиот Парламент и Советот на Европа за правилата кои го уредуваат начинот на движењето на лица преку границите (Шенгенски граничен кодекс), од 15.03.2006 година, Директивата на Советот 2003/109/ЕЦ од 25 ноември 2003 во врска со статусот на државјани на трети земји кои се лица со постојан престој, Регулативата бр.415/2003 на Советот од 27.02.2003 година за виза на граничен премин за морепловци кои транзитираат; Регулативата на Советот (ЕЗ) 1932/2006 за иземање на определени категории на лица од обврската за поседување на виза при влез во Република Македонија и Регулативата (ЕЗ) бр. 810/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 13 јули 2009 година за воспоставување на Кодекс за визи на Заедницата (Визен кодекс на Европската унија). |
| Поврзаност со АП/НППА | / |
| Датум за доставување на предлогот на законот до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија: | 20 Декември 2011 година |
| Финансиски импликации | |

Бр. 14.1-102549/1
30.12. 2010 година
Скопје

МИНИСТЕР
ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
М-р Гордана Јанкулоска